УДК. 165. 01 (049. 3)

Сузана СИМОНОВСКА

# НЕКОИ АСПЕКТИ НА ТЕОРИЈАТА НА ПОЗНАНИЕТО НА МИТКО ИЛИЕВСКИ

Односот меѓу мислењето и битието Митко Илиевски го смета за нужен, темелен однос во човековата практична дејност, каде што се преплетуваат човекот и природата. Во таа дејност човекот не само што делува врз природата, т.е. практично се однесува кон неа, туку неа и ја познава. Значи дека паралелно со практичната се одвива и човековата познавателна дејност. Познавателната дејност е процес кој постојано се случува и во кој човекот се здобива со множество знаења.

Затоа гносеолошката страна, која се прашува за можноста човечкото мислење да го познае битието, односно за тоа дали луѓето преку своите претстави, поими, судови, заклучоци можат да го спознаат стварниот свет и како тоа го прават, е втората страна на основното филозофско прашање, т.е. прашањето за односот на мислењето и битието.

Од ставот дека проблемот на односот на мислењето спрема битието е филозофски проблем Илиевски го изведува заклучокот дека теоријата на познанието е филозофска наука: "Теоријата на познанието е филозофска наука, зашто проблемот на вистината е филозофски проблем, проблем на односот на мислењето спрема битието."[1]

Определувајќи ја теоријата на познанието како филозофска наука и тоа "како наука за вистината и за методите на доаѓањето до неа", односно во поразвиена форма "како наука за предметот, изворот, структурата, облиците, границите и можностите на познанието, за вистината и нејзиниот критериум, како и за методите на испитување и верифицирање на човековите знаења,"[2] Илиевски инсистира на значењето и посебното место што таа како посебна филозофска дисциплина го има во рамките на филозофијата.

---

[1] Митко Илиевски, Теорија на познанието, во книгата на И. Јосифовски - Ј. Јосифовски - П. Враницки - М. Илиевски, Основи на марксистичка филозофија, Универзитет "Кирил и Методиј", Скопје, 1974, стр. 93.

[2] Исто: истата определба се среќава и во книгата на М.Илиевски и С. Јордановски, Марксизам и самоуправување, Просветно дело, Скопје, 1980, оддел "Дијалектика на познанието", стр. 75: "Предмет на теоријата на познанието се вистината и методите на доаѓање до неа. Или во поразвиена форма, теоријата на познанието е наука за предметот, изворот, структурата, облиците, границите и можностите на познанието, за вистината и нејзиниот критериум, како и за методите на испитувањето и проверувањето на човековите знаења".

Односот меѓу дијалектиката, логиката и теоријата на познанието (гносеологијата) станува предмет на дискусија во марксистичката филозофија. Во својот предговор кон "Филозофските тетратки" Илиевски говори за два начини на кои главно се интерпретира овој однос.

Едниот е дека не постојат одделни филозофски дисциплини, односно дека дијалектиката, логиката и гносеологијата се една наука. За ваков идентитет на дијалектиката, логиката и гносеологијата зборува Ленин, а по него ваков став заземаат Тодор Павлов, Черкесов и др. [3]

Вториот поаѓа од ставот дека дијалектиката (или материјалистичката дијалектика, која, всушност, е онтологија), од една страна, и логиката и гносеологијата, од друга страна, се две филозофски науки. Тоа значи се признава постоењето на повеќе филозофски дисциплини, но не постои согласност дали логиката и гносеологијата се одделни дисциплини, или се различни имиња за една иста филозофска дисциплина. Ваков став заземаат Шешиќ, Стојковиќ, Гајо Петровиќ Ј. Јосифовски и др. [4]

Илиевски застапува гледиште кое е спротивно од наведениве позиции за местото на теоријата на познанието во рамките на филозофијата.

Да се говори за поклопување, идентитет на дијалектиката, логиката и гносеологијата, според него би значело реалниот предмет и поимот за него да бидат исти - за да може и науките кои ги проучуваат да бидат исти. Со поимот човекот се обидува на мисловен начин да го изрази реалниот предмет, кој постои надвор и независно од човекот; тој израз во поголема или помала мерка може да биде адекватен, но не и да се поклопува со предметот. Во таа смисла, може да се говори за дијалектичко единство на овие науки, а не и за нивен целосен идентитет.

Исто така, историјата на филозофијата ни говори за процесот на изделување на одделни науки од филозофијата, од една страна, а од

---

[3] На пример, Т.Павлов го вели следново: "Филозофијата како наука за содржинското логичко мислење е обопштена историја на целото сознание на светот кој се одразил во него со најопштите закони на својот развиток... И затоа таа истовремено е и логика, и гносеологија, и дијалектика, и како таква - и само како таква - се здобива целосно и со својата специфичност... Токму во тоа се состои длабоката смисла на прочуениот Ленинов став дека логиката, гносеологијата и дијалектиката (како наука за содржинското мислење) во суштина се едно и исто.", Todorj Pavlov. Teorija odraza, Kultura, Beograd, 1947, str. 325-326.

[4] На пример, Јонче Јосифовски местото на теоријата на познанието го одредува во широките ремки на логиката. Имено, тој логиката ја дели на дијалектика и формална логика. Формалната логика ја дели на неформализирана и формализирана. Додека дијалектиката ја дели на објективна (дијалектика на природата, дијалектика на општеството, дијалектика на психичкиот живот и дијалектика на мислењето) и субјективна дијалектика, која е еднаква на теоријата на познанието. Види: Ј. Јосифовски, Увод во симболичка логика, Скопје, 1970, стр. 32.

друга, за процесот на диференцирање на одделни филозофски подрачја во рамките на филозофијата во одделни филозофски науки, какви што се дијалектиката, гносеологијата, етиката, естетиката, филозофската антропологија, аксиологијата итн. Тоа е, како што вели Илиевски, "природен процес, резултат на самиот развој, проширување, продлабочување на филозофската мисла. Затоа денес е мошне тешко да се игнорира тоа, па оттаму да се залага за единствена марксистичка филозофија, без какви и да е релативно самостојни филозофски дисциплини".[5]

Од овие позиции Митко Илиевски го објаснува и односот меѓу теоријата на познанието и онтологијата.

Бидејќи основното филозофско прашање се јавува како единство на двете свои страни: онтолошката и гносеолошката, тоа, смета Илиевски, "дава можност правилно да се сфати и односот меѓу онтологијата и гносеологијата"[6] како филозофски дисциплини.

Онтологијата и гносеологијата тој ги сфаќа во едно дијалектичко единство, што значи дека тие ниту апсолутно се идентификуваат, ниту апсолутно се разграничуваат едната од другата. Тие се сродни, слични, не постои принципиелна разлика меѓу нив. Она што ги поврзува и ги прави сродни е предметот на нивното истражување: битието како предмет на онтологијата, а мислењето како предмет на гносеологијата. Значи станува збор и се инсистира на релацијата битие - мислење, објект - субјект.

Битието и мислењето се сродни според тоа што имаат слична структура, општа законитост и содржина. Но, битието е примарно (временски и логички) и го определува мислењето, неговата структура, потекло, законитост и содржина, што говори за примарноста на онтологијата во однос на гносеологијата. Од тоа како ќе се одговори на низа онтолошки проблеми зависи каква гносеолошка позиција ќе се заземе. За да биде материјалистичка, теоријата на познанието мора да се потпира врз материјалистичката дијалектика, да поаѓа од неа. Меѓутоа, тоа не значи дека теоријата на познанието е "проста слугинка на материјалистичката дијалектика бидејќи и таа има релативна самостојност".[7] Тоа се гледа во низа елементи: во тоа што теоријата може да ѝ претходи на практиката, во творечкиот карактер на човековото мислење, во предвидувањето на идните настани итн.

Прашањето за односот меѓу онтологијата и гносеологијата Митко Илиевски го заклучува со следниве зборови:

"Гносеологијата која не би водела сметка за заклучоците на онтологијата, не би се опирала врз нив, не би била научна како што не би била научна ни онтологијата која не би ги земала во обзир постигнувањата на гносеологијата."[8]

---

[5] М.Илиевски, Предговор кон второто македонско издание на "Филозофските тетратки" од В. И. Ленин, Култура, Скопје, 1968, стр. 15.

[6] М. Илиевски, Идеализам и материјализам, Култура, Скопје, 1961, стр. 17.

[7] М.Илиевски, Теорија на познанието, во книгата на И. Јосифовски - Ј. Јосифовски - П. Враницки - М. Илиевски, Основи на марксистичка филозофија, цит. дело, стр. 95.

[8] М. Илиевски, Идеализам и материјализам, цит. дело, стр. 17.

## II

Кога се говори за теоријата на познанието не е можно да се заобиколи суштественото прашање: што е познанието?

Илиевски ја прифаќа определбата на познанието како "процес на мисловно присвојување на објектот од страна на субјектот."[9]

При тоа станува збор за едно специфично присвојување кое како такво се разликува од практичното (кое значи давање, втиснување на предметите некое својство, форма итн.) и од врдносното присвојување (оценување на постапки, карактери, на мотиви и побуди кај луѓето). Ваквото мисловно присвојување, всушност не би било можно доколку објектот нема способност да дејствува врз субјектот, а субјектот нема способност да го прима тоа воздејство.

Значи, познанието е еден специфичен однос меѓу субјектот што познава и објектот што се познава, што ја наметнува потребата да се определат овие поими.

Во теоријата на познанието, како што вели Илиевски, "под гносеолошки (познавателен) објект се подразбира сé што може да се познава, кон што е насочена човековата свест"[10], додека под "субјект на познанието се подразбира човекот со неговите познавателни способности"[11] (осет, перцепција, анализа, синтеза, апстракција, поим, суд итн.).

Во зависност од својата филозофска позиција, филозофите даваат различни одговори на прашањето што е предмет на познанието и различно го сфаќаат субјетот на познанието.

Илиевски укажува дека објект на познанието, поточно тоа што може да се познава, можат да бидат материјалните предмети и процеси во природата и во општеството, но, исто така и психичките, мисловни предмети и процеси (осети, перцепции, чувства итн.). Човекот како познавателен субјект треба да се сфати како активно, творечко суштество, кое не е само пасивен приемник на впечатоците, туку нив ги толкува и преработува. Креативноста на познавателниот субјект се гледа и во можноста тој да создава поими не само за постојните, туку и за непостојните објекти, да ги предвидува настаните итн.

Ваквиот став на Илиевски е во спротивност со гледиштата според кои предмет на познанието е или само духот, мислењето (идеалистите) или само материјата, природата (материјалистите), како и со гледиштата кои субјектот го сфаќаат или како нешто идеално, творечко,

---

[9] М. Илиевски, Теорија на познанието, во книгата на И. Јосифовски - Ј. Јосифовски - П. Враницки - М. Илиевски, Основи на марксистичката филозофија, цит. дело, стр. 92; Истата определба се среќава и во книгата на М. Илиевски и С. Јордановски, Марксизам и самоуправување, цит. дело, стр. 75: "Познанието можеме да го определиме како мисловно присвојување на објектот од страна на субјектот".

[10] Исто, стр. 90; и во книгата на М. Илиевски и С. Јордановски, Марксизам и самоуправување, цит. дело, стр. 76: "познавателен објект е сето она што може да се познава, кон што е насочена човековата свест".

[11] Исто, стр. 91; и во книгата на М. Илиевски и С. Јордановски, Марксизам и самоуправување, цит. дело, стр. 76: "Познавателен (гносеолошки) субјект е човекот со неговите познавателни способности".

како творец на објектот (Кант, Фихте), или како пасивен приемник на впечатоци и најмногу што тој постигнува е комбинирањето на идеите кои доаѓаат однадвор (Лок).

## III

За објаснување на познанието и на вистината во теоријата на познанието се употребуваат категориите "практика" и "одраз". Проблемот е, всушност, која од овие категории треба да се земе како основна категорија и излезна позиција во теоријата на познанието.

Сфаќањето на познанието како одраз го застапуваат мнозина филозофи. За основач на теоријата на одразот се смета Демокрит, според кој од предметите излегуваат "еидоли" (минијатурни форми на предметите), кои продираат во човековите сетила и при тоа настануваат сетилните впечатоци. Теоријата на одразот ја застапуваат емпиристите, сензуалистите, вулгарните и метафизичките материјалисти, како и некои идеалисти. Од класиците на марксизмот ја прифаќаат и ја развиваат Енгелс и Ленин, а по нив особено е значаен Тодор Павлов. На линијата на теоријата на одразот стоеле Андрија Стојковиќ, Богдан Шешиќ и др, а за нејзините посовремени форми се застапувале Мито Хаџи Василев и Јонче Јосифовски.

Според Илиевски воведувањето на категоријата "практика" во филозофијата воопшто и посебно во теоријата на познанието, "претставува оригинален придонес на марксизмот".[12] Претставниците на гледиштето дека практиката треба да се земе како основна категорија во теоријата на познанието се: Милан Кангрга, Гајо Петровиќ, Михајло Марковиќ, Миладин Животиќ и др.

Митко Илиевски критички се осврнува на гледиштата кои познанието го сфаќаат како одраз. Укажувајќи на разликата меѓу одразувањето како процес и одразот како слика, од многуте значења во кои се употребува терминот "одраз" во теоријата на познанието како битни ги истакнува следниве: одразот како својство на материјата воопшто (како онтолошка категорија) и одразот како знаење, вистина (како гносеолошка категорија). [13]

Одразот како онтолошка категорија го третираат Ленин, Стојковиќ и др. Ако одразот се сфати како својство на материјата, одразувањето се одвива како "облик на универзално меѓусебно дејство на предметите во природата"[14], доколку постои соодветен однос помеѓу еден и друг објект. Притоа во процесот на одразувањето некои карактеристики се пренесуваат од структурата на едно тело во друго тело, што одразува.

---

[12] М.Илиевски, Теорија на познанието, во книгата на И. Јосифовски - Ј. Јосифовски - П. Враницки - М. Илиевски, Основи на марксистичката филозофија, цит. дело, стр. 96.

[13] Види; исто, 99.

[14] Исто.

Ако одразот се сфати како гносеолошка категорија, тогаш се мисли на содржината на одразот како својство на материјата. Од овој аспект сите облици на психата кај човекот се субјективни одрази на објективната стварност.

Облиците на психата можат да се поделат на *йознавашелни* и *нейознавашелни* (чувства и волја). Во познавателните би спаѓале **сетилниот одраз** (осет, перцепција, претстава) и **мисловниот одраз** (поим, суд, заклучок). Со изразите "слика", "копија", "фотографија", всушност се подвлекува објективноста на одразот, што ја изразуваат оние моменти кои доаѓаат од реалните предмети. Од друга страна субјективноста на одразот ја карактеризираат моменти што доаѓаат од субјектот, а зависат од особеностите на нервниот систем и сетилата, од возраста, полот, професијата, опитот, предрасудите итн. Илиевски вели: "Основната теза на вака онтолошки сфатената теорија на одразот е дека објектот се одразува, се отсликува, се копира, се фотографира во субјектот".[15] Или, со други зборови, дека осетите, претставите, поимите итн. се одраз, слика, копија на објективниот свет кој постои надвор и независно од субјектот.

Но, со определувањето на одразот како слика, копија, фотографија, не се надминува механицистичкото, пасивистичкото сфаќање на одразот. Наспроти дејствениот објект, субјектот е само пасивен одразувач на објектот. Свесни за овие тешкотии, Енгелс, Ленин и Плеханов се обидуваат да го докажат дијалектичкиот карактер на мислењето, свеста, на субјектот. [16] Оттука нивното залагање процесот на одразувањето да се сфати како дијалектичен, во смисла што тој е историски процес на сѐ поточно и поцелосно познание на стварноста.

Во предговорот кон лениновото дело "Материјализмот и емпириокритицизмот" Илиевски ги дава следниве приговори на теоријата на одразот:

1. Теоријата на одразот според својата суштина е соодветна на филозофијата што поаѓа од изделеноста на субјектот и објектот.

2. Основен став за теоријата на одразот е дека објектот како нешто активно и определувачко се одразува, отсликува во пасивниот субјект. Дури и со нејзиното дијалектизирање тешко може да се измени основната карактеристика на теоријата на одразот. Се мисли на тоа дека "е тешко можно субјектот во рамките на оваа теорија да се сфати како активно, творечко, слободно суштество". [17]

Тоа, сепак, не значи да се отфрли поимот одраз од теоријата на познанието. Илиевски укажува дека сферата на неговото важење треба да се ограничи во областа на сетилноста. Осетите и перцепциите се одрази, затоа што се резултат на непосредното дејство на материјалните предмети врз нашите сетилни органи: но, тоа не може да се каже за поимите, судовите и заклучоците: "Поимите, судовите, заклучоците не се никакви психолошки слики, одрази, затоа што ние можеме да имаме

---

[15] М. Илиевски, Предговор кон "Материјализмот и емприокритицизмот" од В. И. Ленин, Култура, Скопје, 1968, стр. 16.

[16]. Види; исто, стр. 19.

[17] Исто, стр. 23.

поими и за духовни предмети, за предмети што допрва ќе бидат изградени, можеме да изречуваме негативни судови итн."[18]

Оттука како излезна позиција и основна категорија во теоријата на познанието Митко Илиевски ја зема практиката. Поаѓајќи од најчеста определба на *практиката* како свесна, целесообразна, универзална општествена дејност на човекот, со која тој ги менува природните и општествените услови за животот, а со тоа се менува и самиот себеси, укажува на предностите на земањето на практиката како излезна позиција во теоријата на познанието. Тие би се состоеле во следново:

1. Со земањето на практиката како основна категорија во теоријата на познанието се гради хуманистичка теорија на познанието.

Всушност, Илиевски го сфаќа познанието пред сé, како човечка категорија, чијашто функција не е само да се познае светот и предметите во него, туку и нешто повеќе - да се оствари процесот на хуманизација на човекот. Тоа подразбира создавање такви услови во кои човекот ќе може да ги развива своите позитивни вредности и способности.

2. Познанието не е дијалектичко затоа што ја одразува дијалектиката на природата, туку борбата на објектот и субјектот во практиката е вистинска дијалектика, а таа му е иманентна на самото познание. "Дијалектичкиот карактер на процесот на познанието, на вистината, може да се објасни ако се појде од дијалектичкиот карактер на практиката како единство и спротивставеност на субјектот и објектот". [19]

3. Поаѓајќи од практиката може да се објасни творечкиот карактер на човечкото мислење, на субјектот. Практиката е и субјективен процес, "зашто преку неа човекот ги реализира своите претстави и замисли, зашто е манифестација на човековото творештво, зашто преку неа човекот ги поставува објектите во нови односи (индустријата) итн."[20]

4. Практиката како основа и извор може да биде и критериум на вистинитоста, инаку тешко може да се објасни како таа може да биде критериум без да биде основа. На тој начин практиката од трет член во процесот на познанието (како што неа ја сфаќал Ленин), значи по живото посматрање и апстрактното мислење, ќе стане нејзин прв и трет член. Тоа би значело движење од практиката кон апстрактното мислење и од него кон практиката, како критериум на вистинитоста.

5. Како објективен процес кој се заснова врз објективните закони практиката е достапна на емпириските методи на научното испитување, со што може да се објасни директното и индиректното човеково знаење.

---

[18] Исто, стр. 24.

[19] М. Илиевски, Теорија на познанието, во книгата на И. Јосифовски - Ј. Јосифовски - П. Враницки - М. Илиевски, Основи на марксистичката филозофија, цит. дело, стр. 103 - 104.

[20] Исто, стр. 98.

Во теоријата на познанието проблематиката на вистината е централна категорија. Нејзиното решавање зависи од тоа како ќе се определи познанието и како ќе се одговори на прашањата за изворот, границите и можностите на познанието.

Самиот поим *вистина* се употребува во многу значења. Илиевски зборува за три значења во кои се употребува поимот вистина: објективистичко, антрополошко и гносеолошко. Објективистичко е кога на материјалните ствари им се припишува својство на вистинитост, на пример: ова злато е вистинско. Антрополошкото значење се однесува на тоа дали самиот човек, неговите постапки и дела би можеле да го имаат атрибутот вистински, односно дали тие се во согласност со неговата генеричка природа ( на пример: Петар Петревски е вистински човек). Гносеолошкиот поим на вистината се добива кога вистинитоста се смета како својство на одделни облици на психичкото.

Кога се говори за гносеолошкиот поим на вистината, како својство на некои облици на психичкото, се јавува потребата да се утврди на кои облици на психичкото се мисли, а тоа значи да се утврди логичката и јазичката форма на вистината.

Според Илиевски, "логичка форма на вистината може да биде само судот, односно мисловната содржина на реченицата".[21] При тоа под "суд" се подразбира смислен исказ со определена вистинитосна (логичка) вредност, за разлика од ставовите кои се смислени искази со неопределена логичка вредност.

Тоа значи дека сите судови се ставови, но сите ставови не се судови, па така и не сите судови се логички форми на вистината. Така етичките и естетските судови, иако за нив останува отворено прашањето, не се сметаат за логички форми на вистината, бидејќи се разликуваат од судовите во аподиктичкото познание. Како логички форми на вистината се сметаат информативните судови, со кои се изразуваат одредени знаења за предметите и процесите, односно со нив се изразува предметната вистинитост.

Значи вистината се сфаќа како знаење и тоа определено знаење, нејзина логичка форма е судот, а реченицата е јазичка форма на вистината.

Илиевски ја изложува својата концепција на вистината како дијалектичко единство на објективни и субјективни моменти. Таа е субјективна според својата форма, односно таа е субјективна во смисла што е човечка, вистина до која дошол човекот и таа секогаш ќе има и субјективни елементи. А објективна е според својата содржина. Вистината е суд, а судот се однесува на некој објект. Преку него се настојува адекватно, точно да се изрази предметот. При тоа содржината на објектот е мисловно преработена, материјалното е преведено во иде-

---

[21] М. Илиевски, Теорија на познанието, во книгата на И. Јосифовски - Ј. Јосифовски - П. Враници - М. Илиевски, Основи на марксистичката филозофија, цит. дело, стр. 117.

ално, духовно (а тоа е субјективниот момент). Значи предметите и појавите сами по себе "не се ни вистинити ни лажни".[22]

Од овие позиции за Илиевски е неприфатливо секое објективистичко (во кое од материјалистичките позиции спаѓаат: наивно-реалистичките и вулгарно-материјалистичките, а од идеалистичките: теолошките, аксиолошките и еидетските) и субјективистичко (теоријата на евиденцијата, утилитаристичките, махистичките и конвенционалистичките сфаќања) третирање на вистината. Според објективистичките гледишта, вистината е целосно независна од субјективниот фактор, таа се однесува на оние содржини во претставите и поимите кои не зависат ниту од човекот ниту од човештвото[23], додека според субјективистичките вистината е производ на субјектот без влијание од надворешниот свет.

Во тој дух Илиевски го дава и одговорот на прашањето: дали вистината е нешто неменливо, вечно, нешто што наеднаш и целосно го изразува предметот или е нешто менливо, процес на делумно познавање на предметот? - прашање околу кое во теоријата на познанието историски се оформени две противставени гледишта: апсолутистичко и релативистичко.

Термините апсолутна и релативна вистина се употребуваат во повеќе значења. Како најчести Илиевски ги наведува следниве:

1. Апсолутната вистина е објективна вистина, а релативната е субјективна вистина.

Ленин ја развива тезата дека признавањето на објективната вистина значи признавање на апсолутната вистина, која, пак, "би се состоела во можноста човековите претстави наеднаш, целосно, безусловно, апсолутно да ја изразат објективната стварност, за разлика од релативната вистина која само приближно го постигнува тоа".[24]

2. Апсолутната вистина е целосно знаење, а релативната вистина е делумно знаење.

3. Апсолутната вистина е некорегибилна, неменлива, вечна, а релативната вистина е корегибилна, менлива.

Илиевски го застапува гледиштето според кое релативната вистина е единство на неменливи, релативно трајни некорегибилни, и на менливи, корегибилни моменти и елементи. Значи апсолутната и релативната вистина се поврзани во самата релативна вистина. Апсолутната вистина се содржи во релативната вистина и претставува граница (лимес) на релативната, а тоа значи дека таа се изградува од множество релативни вистини. Во таа смисла, развојот на науката е

---

[22] Исто, стр. 118.

[23] Илиевски на овој проблем се осврнува во статијата "Филозофските погледи на Ленин", каде што вели: "Ленин ќе го застапува гледиштето на објективната вистина, т.е. на таквата содржина на нашите претстави и поими која не зависи од субјектот, 'која не зависи ни од човекот ни од човештвото' ", Митко Илиевски, Филозофските погледи на Ленин, "Погледи" бр. 2, Скопје, 1974, стр. 40; Истата определба се среќава и во Предговорот кон "Материјализмот и емпириокритицизмот", цит. дело, стр. 17.

[24] М. Илиевски, Филозофските погледи на Ленин, цит. дело, стр. 40.

постојано и постепено зголемување на некоригибилните моменти, со што е овозможено приближувањето до апсолутната вистина. За разлика од релативизмот, кој не признава никакви трајни, неменливи елементи во вистината, материјалистичката дијалектика во себе содржи релативизам, но не се сведува на него.

Постоењето на корегибилни елементи се должи на ограничените психо-физички способности на секој одделен човек, на ограничеността на познавателните можности на секоја историска епоха, како и на сложеноста и менливоста на објективната стварност, ограниченоста на методите и на техниките на испитувањето итн.[25]

Кој е критериумот на вистината, односно по што вистинитиот суд го разликуваме од невистинитиот?

Сфаќањето за критериумот на вистината кај Илиевски е поврзано со сфаќањето на изворот и основата на познанието. Извор и основа на познанието е практиката. Во него субјектот и објектот се наоѓаат во еден тоталитет и како таква таа може да биде единствениот критериум на вистинитоста, затоа што вистината е единство на објективни и субјективни елементи и моменти. Оттука нејзиниот критериум не може да се бара ниту само во судот, во мислењето воопшто, ниту само во познавателниот објект.

Процесот на проверување, утврдување на вистинитоста на еден суд во практиката се нарекува практично проверување, верификација. За таквото проверување е потребно да се знаат начините, методите и средствата на утврдување на неговата вистинитост или лажност.

Кога Илиевски говори за практиката како критериум на вистинитоста нема интенција неа да ја апсолутизира. Пред сè, практиката ја сфаќа како историска категорија. Во таа смисла може да се зборува за историски развојни степени, за нивоа на практиката. Така, квалитативното проверување на еден суд бара и соодветна практика.

Од кажаното е неоспорно дека Илиевски доследно ја сфаќа практиката како основа, извор и, воедно, како критериум на познанието. Во таа смисла, тој ќе каже:

"Многустраната човекова практична дејност, која, за разлика од животните, е свесна, целосообразна и општествена, е излезна и завршна точка во процесот на познанието на светот".[26]

---

[25] Види: М. Илиевски, Теорија на познанието, во книгата на И. Јосифовски - Ј. Јосифовски - П. Враницки - М. Илиевски, Основи на марксистичката филозофија, цит. дело, стр. 122-123.

[26] М. Илиевски, Идеализам и материјализам, цит. дело, стр. 52.

Suzana SIMONOVSKA

## SOME ASPECTS IN THE THEORY OF KNOWLEDGE FROM MITKO ILIEVSKI

(Summary)

In this paper attitudes from Ilievski are presented in relations with some basic qvestions of the Theory of Knowledge; such as: what is the knowledge; what is the place of the Theory of knowledge in the frame of philosophu; the knowledge and the truth; the basic category and out-position in the Theory of knowledge.

The original concept of Ilievski for the characteristics and the essence of knowledge are presented in this paper. Starting from practice as a fundamental point in the Theory of knowledge, Ilievski builds a humanistic Theory of knowledge. He understands the knowledge as a process whitch is in the same time objective and subjective, as a result of which is the attitude that the truth is union of subjective and objective elements and moments. Practice as basis and source in the Theory of knowledge, according to Ilievski, can onlu be the criterion of knowledge.